ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ДКСК KSHPK ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# План на годишни активности за 2023 година кои произлегуваат од Меморандумот за соработка меѓу Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Државната комисија за спречување на корупцијата 2023 – 2024

Програма: ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА

| **Активност** | **Опис на активноста** | **Надлежен за спроведување** | **Период на спроведување** |
|---|---|---|---|
| **Активност 1. Поддршка на спроведувањето на политиката за интегритет во единиците на локалната самоуправа** | | | |
| Во пилот фазата во 2022, секоја од петте општини (Ѓорче Петров, Демир Хисар, Кратово, Струга и Врапчиште) развија акциски планови за имплементација на системот на интегритет. За некои од елементите потребни се финансиски средства кои им недостигаат на општините. Во соработка со ДКСК, во 2023 Мисијата финансиски ќе го поддржи спроведувањето на избраните мерки во трите најпосветени општини. По добиената поддршка од Мисијата, ДКСК ќе врши годишен мониторинг на спроведувањето на политиката за интегритет во | 1. Организирање на две информативни сесии со лицата за интегритет од ЕЛС за информирање во врска со резултатите од процесот на поддршка на имплементација на политиката на интегритет во петте општини во 2022 година | ОБСЕ/ДКСК | Април 2023 |
| | 2. Одредување на типот на финансиска поддршка за трите најпосветени општини од 2022 година | ОБСЕ/ДКСК/ЕЛС | Април 2023 |
| | 3. Развој на опис на задачи/услуги за секоја од трите општини | ОБСЕ/ДКСК/ЕЛС | Април 2023 |
| | 4. Склучување на договори со соодветните компании/ даватели на услуги и/или експерти за секоја од трите општини | ОБСЕ | Мај 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| општините. ДКСК и Мисијата ќе ги искористат овие општини како најдобри практики што ќе се промовираат меѓу другите единици на локалната самоуправа во земјата. Оваа активност ќе се реализира во периодот февруари до октомври. | 5. Испорака на договорните услуги за секоја од трите општини | Давател на услуги | Мај – октомври 2023 |
| **Активност 2. Студиска посета на тема Антикорупција и интегритет** | | | |
| Мисијата ќе организира тридневна студиска посета за интегритет и антикорупција за шест учесници - претставници на ДКСК, лица за интегритет од ЕЛС и граѓански организации за да добијат искуство од прва рака за некои од најдобрите светски практики за зајакнување на интегритетот на локално ниво. ДКСК ќе обезбеди детален преглед за темите на студиската посета. Врз основа на овој концепт, заеднички ќе биде избрана дестинацијата. При изборот на учесници, Мисијата ќе обезбеди родова рамнотежа, односно најмалку 50% од учесниците во студиската посета ќе бидат жени. | 1. Изработка на образложение за прашањата кои треба да бидат опфатени во темата на студијската посета, предлог земја, предлог лица кои ќе бидат дел од посетата | ДКСК | Февруари 2023 |
| | 2. Воспоставување контакт со соодветните институции во земјата на реализација на студиската посета | ОБСЕ / ДКСК | Март 2023 |
| | 3. Дефинирање на агенда за студиската посета | ОБСЕ/ДКСК/ институција во земјата домаќин | Април 2023 |
| | 4. Организирање на логистика (авионски карти/сместување) | ОБСЕ | Април 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 5. Реализација на студиската посета | ОБСЕ/ДКСК/ЕЛС/ ЗГ | Мај-Јуни 2023 |
| | 6. Поднесување на извештаи за задоволството од посетата и следни чекори за имплементација на добиените знаења | ДКСК/ ЕЛС/ ЗГ | Јули/Август 2023 |
| **Активност 3. Подигнување на свеста за родовите аспекти на корупцијата** | | | |
| Родовата еднаквост е еден од осумте елементи на политиката за интегритет на единиците на локалната самоуправа во Северна Македонија. За да ги сензибилизира локалните лица за интегритет и координаторите за родова еднаквост за родовите аспекти на корупцијата и да придонесе за планирање соодветни активности во општините, Мисијата ќе изработи модул за е-учење и ќе организира два еднодневни настани за презентирање на модулот за е-учење на локалниот интегритет службеници и координаторите за родова еднаквост. | 1. Избор и склучување на договор со национален експерт/ка за изработка на storyboard за модулот за е-учење | ОБСЕ / ДКСК | Март 2023 |
| | 2. Изработка на storyboard за модулот за е-учење и негово одобрување | Национален експерт/ка | Април 2023 |
| | 3. Објавување повик за давател на услуги за изработка на модулот за е-учење за родовите аспекти на корупцијата | ОБСЕ | Март 2023 |
| | 4. Избор на најсоодветен давател на услуги за изработка на модулот за е-учење за родовите аспекти на корупцијата | ОБСЕ/ ДКСК | Април 2023 |
| | 5. Изработка на модулот за е-учење за родовите аспекти на корупцијата | Давател на услуга | Јуни - Август 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 6. Организирање на два еднодневни настани за презентирање на модулот за е-учење на локалниот интегритет службеници и координаторите за родова еднаквост. | ОБСЕ/ ДКСК ОБСЕ | Септември 2023 |
| **Активност 4. Јакнење на капацитетите на Државната изборна комисија за спроведување на политиката за интегритет** | | | |
| Државната изборна комисија (ДИК), во декември 2022, усвои Политика за интегритет и назначи лица за спроведување на системот за интегритет.<br>Со цел промоција, подобро разбирање и јакнење на капацитетите во ДИК за спроведување на системот за интегритет, Мисијата ќе организира и испорача две обуки односно информативни сесии за членовите и вработените во ДИК. Активноста ќе се координира со ДКСК. | 1. Две еднодневни обуки за две групи од по 22 членови и вработени во ДИК, ќе бидат организирани и реализирани со употреба на внатрешната експертиза на Мисијата и на ДКСК.<br>Содржината на обуката ќе ги опфати стандардите за интегритет и компоненти на системот за интегритет, како што се заштита на јавниот интерес и спречување судир на интереси, почитување на етичкиот кодекс релевантен за позицијата на службеникот, намерно, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси, важноста на транспарентноста итн. | ОБСЕ/ ДИК / ДКСК | Февруари – Март 2023 |

Програма: ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

| **Активност** | **Опис на активноста** | **Надлежен за спроведување** | **Период на спроведување** |
|---|---|---|---|
| **Активност 4: Поддршка кон ефективни јавни политики за идентификувани корупциски ризици во правосудството** | | | |
| Како продолжение на Проценката на ризици од корупција во правосудството спроведена во 2022 година, Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со ДКСК и другите засегнати страни ќе организираат серија на настани за креирање на ефективни јавни политики кои ќе ги адресираат идентификуваните корупциски ризици во правосудството. | 1. Промоција на Проценка на ризици од корупција во правосудството. | ОБСЕ, ДКСК, Здружение на судии (ЗС), Здружение на јавни обвинители (ЗЈО) | Мај 2023 |
| | 2. Форум за јавни политики | ОБСЕ, Министерство за Правда, ДКСК, Здружение на судии (ЗС), Здружение на јавни обвинители (ЗЈО) | Септември 2023 |
| | 3. Документ за јавни политики со специфични препораки | ОБСЕ, ДКСК, Национален експерт | Септември – Декември 2023 |

| **Активност 5. Поддршка на спроведувањето на Законот за заштита на укажувачите** | | | |
|---|---|---|---|
| Во текот на 2023 Мисијата на ОБСЕ во Скопје ќе продолжи да обезбедува за ДКСК во делот на спроведување на политиките за заштита на укажувачите. | 1. Поддршка за подготовка на Програма за обука на овластените лица за прием на пријави од укажувачи | ДКСК, ОБСЕ Национален експерт | Април – Јуни 2023 |
| | 2. Поддршка за организирање на работилници за овластените лица за прием на пријави од укажувачи | ДКСК, ОБСЕ Национален експерт | Април – Декември 2023 |
| | 3. Методологија за периодично следење и проценка на потребите на овластените лица за прием на пријави од укажувачи | ДКСК, ОБСЕ Национален експерт | Април – Јуни 2023 |